| | |
|---|---|
| **Датум:** | **06.04.2020** |
| **Тема:** | **Пролет** |
| Цел на активноста: | ▪ Запознавање со условите за раст и развој на дрвјата и растенијата како и запознавање на изгледот и деловите на дрвото.<br>▪ Оспособување за препознавање и вербално искажување на карактеристиките на годишното време Пролет. |

Возрасна група: 4-6 години

| | | |
|---|---|---|
| Стандард: | 1. Детето стекнува информации за средината преку набљудување и манипулација.<br>2. Детето може да воспостави контрола на дланките и прстите.<br>3. Дете е способно да истражува и открива нови работи. | |
| **Активност** | **1. Пролетни дрвја** | |
| **Опис на активноста** | Преку непосредно набљудување што се случува со дрвјата во пролет разговараме какви се сега дрвјата и кои се нивните карактеристики, каква е бојата на цветовите, по што се разликуваат еден од друг и какво е нивното значење во животот на луѓето.<br>Потоа му предлагаме на детето да направиме пролетно дрво.<br>Земаме еден хартиен тањир и внатрешноста ја боиме со сина темперна боја. Откако ќе се исуши бојата, земаме кафеава волница и ги лепиме гранките на дрвото. Со самолеплива зелена колаж хартија или растеглива зелена хартија правиме мали зелени листови. На крај лепиме пуканки како цветови на дрвото. По сопствен избор пуканките можат и да се обојат. | https://www.youtube.com/watch?v=IDXZBECTmoc |
| Потребни материјали | ЦД-песничка "Поточиња 2013-Засади дрвце“<br><br>Апликации-слики од пролетни дрвја, темперни бои, хартиен тањир, кафеава волница, самолеплива колаж зелена хартија, пуканки, лепак. | |

| | | |
|---|---|---|
| Прикачување на слика, линк, или видео |  | |

| | |
|---|---|
| **Датум:** | **06.04.2020** |
| **Тема:** | **Пролет** |
| Цел на активноста: | ▪ Запознавање со карактеристиките на годишното време пролет (однесување на растенијата, животните и птиците во пролет како и работата на луѓето во пролет)<br>▪ Да се поттикнува детето на развивање интерес, љубов и потреба за разгледување на сликовници или друг печатен материјал, држејќи ја книгата правилно<br>▪ Да се негува и развива љубовта кон музиката |

**Возрасна група: 3-4 години**

<table>
<tr><td>Стандард:</td><td colspan="2">

- Детето стекнува информации за средината преку набљудување и манипулација.
- Детето покажува интерес кон печатени материјали.
- Детето демонстрира учество во музички активности.

</td></tr>
<tr><td>Активност</td><td>

- **Децата во пролет**

</td><td>

- **Пролет – Детска песничка**

</td></tr>
<tr><td>Опис на активноста</td><td>

Децата имаат предзнаења за годишното време пролет и неговите карактеристики. Преку расказот „Здивот на пролетта“ децата одблиску се запознаваат со годишното време пролет.

**Здивот на пролетта**

Црното ќосе, со жолтото носе<br>
од грмушката кога утрово ѕирна<br>
го виде сончко насмеан над ридот-<br>
потскокна и весело свирна:<br>
- Готово е, готово - радосно рече<br>
штом сончко топло толку рано пече<br>
од зимава набргу ќе нема ни трага...<br>
На прагот е значи пролетта драга!<br>
Една пчелка ранобудна<br>
колку вредна, толку чудна<br>
крај него часкум слета.<br>
Ајде ќосе, му подвикна<br>
зар не ти се лета?<br>
Глеј сончко го стопи снегот.<br>
Чисти се ливадите и нивите<br>
со пупки ги накити гранките на праските<br>
кајсиите, сливите!<br>
Февруари уште вчера<br>
си ги собра јорганите

</td><td>

https://www.youtube.com/watch?v=qbX-NtX1kek




</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | Март ене шета<br>меѓу гранките на јоргованите.<br>Надвор се буди се што е живо...<br>Зар не го чувствуваш на пролетта здивот!?<br>Како да не - ќосето и врати-<br>Ти благодарам пријателке на укажаната чест еве ќе летнам и само за миг<br>на сите ќе им ја пренесам радосната вест! | |
| Потребни материјали | ЦД-песничка"Пролет-Поточиња 2009'' <br>Апликации-слики од пролет | |
| Прикачување на слика, линк, или видео |  |  |

| | |
|---|---|
| **Датум:** | **06.04.2020** |
| **Тема:** | **Пролет** |
| Цел на активноста: | ▪ Да се поттикне детето да ги користи и зајакнува дланките и прстите.<br>▪ Да му се овозможи на детето стекнување на претстави и поими за |

| | |
|---|---|
| | некои карактеристики од растителнот свет во блиската околина. |

**Возрасна група: 2-3 години**

| Стандард: | ▪ Детето стекнува информации за средината преку набљудување и манипулација.<br>▪ Детето може да воспостави контрола на дланките и прстите. | |
|---|---|---|
| **Активност** | ▪ **Пролетни цвеќиња лалиња** | |
| **Опис на активноста** | Со детето разговараме кое пролетно цвеќе најмногу ни се допаѓа? Даваме предлог преку апликации, слики на пролетни цвеќиња да направиме и ние едно од нив или евентуално ако го имаме во нашиот двор, го набљудуваме и го опишуваме. Се одлучуваме за лалето како најубавото цвеќе на пролетта.<br>Во хартиен тањир ставаме различни темперни бои (сина, црвена, виолетова, жолта) и во нив ја валкаме вилушката а потоа со печатот од неа на лист бел хартија добиваме разнобојно лале. Го цртаме и стеблото и листовите со фломастер.<br>По ваш избор можете да направите и друг цвет. | https://www.youtube.com/watch?v=z-y8wBd00_k |
| Потребни материјали | ЦД-песничка" Поточиња 2017-Пролетни Цвеќиња’’<br>Апликации-слики од пролетни цвеќиња, темперни бои, хартиен тањир, вилушка, фломастери и блок. | |

| | | |
|---|---|---|
| Прикачување на слика, линк, или видео |  | |